

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ШТО Е СЛЕДНО?

**OPEN SOCIETY**
EUROPEAN POLICY
INSTITUTE

## Северна Македонија: Што е следно?

Овој извештај вклучува материјал од следниве публикации: Ненад Марковиќ, Иван Дамјановски, *“Референдумот во фокус:* крајот на патот за пристапувањето на Македонија во ЕУ и НАТО или само крајот на патот?“, Фондација Отворено општество – Македонија, 2018 година; Игор Бандовиќ, *„Патот на Македонија кон ЕУ и НАТО* и регионалните импликации“, Фондација Отворено општество – Македонија, 2018 година; Димитар Бечев, *„Договорот за македонското име и по него: геополитичка перспектива“*, Фондација Отворено општество – Македонија, 2018 година. Подготвителното истражување за овој извештај беше завршено на 14 јануари 2019 година, понеделник. Терминот „Северна Македонија“ се користи во врска со член 1, став 3, 4 и 5 од Договорот од Преспа (види белешки на крајот) каде се наведува дека, по ратификацијата на договорот во грчкиот парламент, „страните ќе го употребуваат името и термините наведени во член 1, став 3 во сите релевантни меѓународни, мултилатерални и регионални организации[...] и во нивните билатерални односи со сите држави-членки на Обединетите нации“.

OPEN SOCIETY
FOUNDATIONS

© 2019 Open Society Foundations

Оваа публикација е достапна како ПДФ документ на вебсајтот на Фондациите Отворено општество со лиценца на Creative Commons која дозволува копирање и дистрибуција на публикацијата, но само во целост и со упатување на Фондациите Отворено општество, и тоа за некомерцијални образовни цели и за целите на јавната политика. Фотографиите не смеат да се користат одделно од публикацијата.

**Автори:** Јанис Армаколас, Игор Бандовиќ, Димитар Бечев, Бодо Вебер

**Уредник:** Срѓан Цвијиќ

**Насловна фотографија:** © Pierre Crom/Getty

opensocietyfoundations.org

# ВОВЕД

Сместена во средиштето на Балканот, Северна Македонија отсекогаш била еден вид регионален предводник. Во последните години, таа е во центарот на вниманието и вон границите на Југоисточна Европа. Во периодот 2015-2017 година, политичките коментатори гледаа на внатрешната политичка криза како на продолжување на пресметката меѓу Русија предводена од Владимир Путин и Западот. Доаѓањето на власт на про-западната влада предводена од Зоран Заев по парламентарните избори одржани во декември 2016 година не ги намали стравовите дека Северна Македонија се наоѓа на линијата на геополитички расцеп. Таканаречениот Договор од Преспа, потпишан со Грција на 17 јуни 2018 година за решавање на долготрајниот спор со името меѓу двете земји, одново ги зголеми влоговите.[1]

Со цел отпочнување на процесот за ратификација и спроведување на Договорот од Преспа, на 30 септември 2018 година, граѓаните на Северна Македонија беа повикани да излезат на референдум и да одговорат на прашањето: „Дали сте за членство во Европската Унија и НАТО со прифаќање на Договорот меѓу Република Македонија и Република Грција?“ Според официјалните резултати што ги објави Државната изборна комисија, на референдумот гласале помалку од 37% од гласачите. Оттука, референдумот се смета за неуспешен врз основа на уставните одредби бидејќи излезноста на гласачите не го надминала прагот од 50 проценти. До одредена мера, разочараноста со слабата излезност беше намалена со фактот дека огромно мнозинство граѓани (91,46%) гласале за прифаќање на договорот. Бројките за излезноста на референдумот беа дополнително релативизирани со нерешените проблеми поврзани со застарениот список на гласачи во земјата.

Ваквото убедувачко мнозинство, како и фактот дека референдумот имаше консултативен карактер, ѝ дозволија на владата да започне парламентарна постапка за усвојување на уставни промени со цел да го спроведе Договорот од Преспа, во согласност со член 131 од Уставот на земјата. Потребното двотретинско мнозинство во парламентот (80 од 120 пратеници) беше постигнато на 19 октомври, со што започна долгиот процес за преименување на земјата во Северна Македонија. Финалното гласање за ратификација на договорот во парламентот во Скопје се одржа на 11 јануари и на истото се потврди потребното мнозинство за донесување на уставните амандмани.

По промената на Уставот и официјалното преименување на земјата во Северна Македонија, грчкиот парламент треба да гласа за одобрување на спогодбата.

Договорот, последователниот референдум и парламентарната постапка за ратификација имаа разединувачки ефект врз општеството во Северна Македонија. Оние кои се против Договорот од Преспа ја обвинија владата за капитулација пред грчките барања и изразија загриженост за негативното влијание што промената на името би го имала врз националниот идентитет. Од друга страна, поддржувачите на договорот, кој беше поздравен од голем број држави-членки на ЕУ и НАТО, го вградија неговото усвојување во наративот за идни придобивки

од пристапувањето во НАТО и ЕУ коешто - поради улогата на Грција како ‘чувар на портите’ во обете организации - би било невозможно да се постигне без промена на името.

Самиот договор е потврда за долготрајната привлечност на евроатланските интеграции за државите од Западен Балкан. Премиерот Заев, министерот за надворешни работи Никола Димитров и владата на Северна Македонија се зафатија со постигнување компромис за да го обезбедат влезот на земјата во НАТО и евентуално во Европската Унија, под компромисното име Северна Македонија. Грчкиот премиер Алексис Ципрас и Никос Kosијас, првиот дипломат во земјата кој му беше советник на Јоргос Папандреу за време на обновувањето на односите со Турција во 1999 година, станаа силни застапници за западните перспективи на нивниот сосед. Сепак, договорот и натаму останува ранлив поради повратниот удар од националистите на двете страни од границата. Русија гледа можност за поткопување на влијанието на Западот. Другите држави од Западен Балкан остануваат вклучени, а нивниот придонес во стабилноста на Северна Македонија има измешани чувства.

Овој извештај разгледува како клучните играчи (ЕУ, НАТО, Русија, другите држави од Западен Балкан) му приоѓаат на Договорот од Преспа, како заложбите за решавање на спорот со името се вклопува во нивната поширока стратегија, и нуди увид во можните сценарија за конечно решавање на ова билатерално прашање. Прво, извештајот се осврнува на разбирањето на спорот со името во Грција и дава детален приказ на политиката на сите политички партии во однос на ова прашање. Второ, врз основа на голем број интервјуа со донесувачи на одлуки во Германија и во други клучни држави-членки на ЕУ, извештајот го анализира процесот на донесување одлуки во рамки на ЕУ во врска со одложеното отворање на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија во јуни 2018 година. Трето, извештајот ги објаснува реакциите на Русија и на другите држави од Западен Балкан кон спорот со името. На крајот, извештајот нуди можни сценарија, главно во однос на ратификацијата и спроведувањето на Договорот од Преспа во Грција, но и во однос на следните чекори во пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ и НАТО.

# РАЗБИРАЊЕ НА ГРЧКИОТ ОТПОР КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ СО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од средината на 90-те години наваму, спорот околу името Македонија немаше посебно значајно место во јавниот живот во Грција. Откако доминираше во јавната дебата во првата половина на 90-те години, ова прашање исчезна од агендата во 1995 година кога Времената спогодба ги воспостави дипломатските односи меѓу двете земји. Националистичките медиуми и политичките коментатори, групи што со години се фокусираат на спорот со името, останаа единствените субјекти кои продолжија да посветуваат внимание на спорот со името на северниот сосед.

Намаленото нагласување на спорот со името беше во согласност со новата посредничка надворешна политика на Грција кон земјите на Балканот. Од 1995 година, фокусот беше ставен на пристапувањето на државите од Западен Балкан во ЕУ и на проширувањето на економското влијание на Грција во регионот. Сепак, во текот на целиот тој период имаше многу малку обиди отворено да се зборува за грешките од минатото и критички да се разгледаат политиките и дискурсите од раните 90-ти. Недостасуваа искрена авторефлексија и самокритичност што би ја охрабриле грчката јавност со поголемо разбирање да гледа на Северна Македонија и на другите соседи од Балканот. Напротив, спорот со името беше ‘турнат под килим’ и подоцна, по грчката блокада за влезот во НАТО и ЕУ, тој беше дипломатски ‘паркиран’.

Во куси црти, по формирањето на владата на Груевски, негативните извештаи за спорот со името повторно излегоа во јавноста, посебно во однос на она што Грција го перципираше како отворена провокација од страна на Груевски (преименувањето на автопатот и аеродромот, политиката на антиквизација, различни контроверзни изјави).[2] Набрзо потоа, со почетокот на економската криза во 2009-2010 година, известувањата за сите прашања од надворешната и безбедносната политика во голема мера исчезнаа од јавниот дискурс.

## ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ НА СПОРОТ СО ИМЕТО

Спорот со името повторно влезе во јавната дебата во втората половина на 2017 година. Тој стана жестоко оспорувано прашање и доминантна вест во период од шест недели. По одржувањето на вториот протест против компромисен договор во Атина во февруари 2018 година, спорот беше турнат на второ место зад наводниот скандал со Новартис и други прашања поврзани со конкуренцијата меѓу власта и опозицијата.[3] Спорот со името се врати на насловните страници во периодот на потпишувањето на Договорот од

Преспа и оттогаш наваму останува главното контроверзно прашање.

Опозициската Нова демократија (НД) се обиде да го поврзе случајот на Новартис со тековните преговори во спорот со името, тврдејќи дека коалицијата на СИРИЗА и АНЕЛ го извадиле скандалот со Новартис за да го одвлечат вниманието од спорот со името. Голем број гласачи од главните општествени текови (т.е. гласачи кои не се екстремисти или националисти), кои се подготвени секој политички развоен момент да го гледаат низ призмата на антагонизам кон СИРИЗА, почнаа да веруваат дека владата е спремна да се откаже од националниот интерес само за да остане на власт. Овие гласачи задолжително не се приклонети на радикални гледишта за спорот со името; на пример, тие веројатно би биле подготвени да поддржат компромисно решение ако тоа доаѓа од влада на НД. Сепак, тие постепено беа ‘асимилирани’ од новата позиција против компромис. На тој начин се разви нова националистичка позиција која одбива каков било компромис во спорот со името. Таквата позиција привлече луѓе кои претходно не беа склони кон радикализам и тие усвоија позиции против компромис како резултат на нивното спротивставување на владата на СИРИЗА и, по автоматизам, на нејзината политика за спорот со името.

Новата политичка клима околу спорот со името има една многу важна разлика од претходно. Во 90-те години, умерените гласови (т.е. оние кои прифаќаа дека тогашната “поранешна југословенска Република Македонија“ може да го користи терминот „Македонија“ во нејзиното името, но во некоја композитна форма) беа малцинство. Подоцна, т.е. до потпишувањето на Времената спогодба, ваквите гледишта станаа толку непопуларни што секој што ќе ги предложеше ризикуваше да биде фрлен во политички заборав. За разлика од тие времиња, среќна околност во неодамнешното повторно отворање на преговорите за спорот со името е тоа што иницијално скромните реакции на таквото постапување не беа целосно отфрлени од страна на главните политичките коментатори.

Сепак, дури и во раната фаза од преговорите постоеја неколку причини за песимизам.

Прво, дипломатските нијанси и разбирањето на реалноста на Балканот во јавната дебата во Грција беа (и продолжуваат да бидат) многу ограничени. Како резултат на тоа, јавната дебата „за или против“ решение не ги објаснува помалку пријатните елементи на едно преговарано решение. На пример, дури и кога се наклонети кон постигнување компромис, Грците тешко признаваат дека таквата спогодба би значела прифаќање работи што повеќето Грци ги сметаат за незамисливи или неприфатливи (на пр., дека „Македонците“ ќе продолжат да се определуваат така и дека другите ќе ги именуваат како „Македонци“ дури и по постигнување компромисен договор).

Освен тоа, мал број (всушност, околу петмина) креатори на јавното мислење се запознаени со внатрешната ситуација, политиката и менталитетот во Северна Македонија и другите земји на Балканот. Овие неколку експерти за балканските состојби разбираат колку предизвикувачко (и речиси невозможно) би било постигнување компромисно решение во согласност со барањата на Грците за елитите во Северна Македонија, и колку непријатно тоа би било за општеството во земјата. Овие гледишта, иако слушнати, се изгубени во ‘морето на мислења’ со кои се преплавени грчките медиуми.

Второ, улогата и влијанието на ‘традиционалните’ медиуми се опаднати во последните години. Како резултат на економската криза и радикалната трансформација на политичката сцена, најголемиот дел од главните и традиционалните печатени и дигитални медиуми банкротираа, беа затворени или нивното влијание радикално се намали. Од тоа корист имаа новите, силно популистички и често непрофесионални медиуми. Ваквата маргинализација на умерените гледишта се зголеми со појавата на социјалните медиуми. По речиси една деценија економска криза и социо-политички превирања, јавната дебата во

Грција е далеку од имуна на екстремистичка и популистичка реторика.

На крај, промената на расположението меѓу повеќето креатори на јавното мислење лесно можеше да се насети откако НД почна да ја разблажува својата порака и да флертува со кампот што е против договор. Бидејќи главните влогови во грчката политика не се поврзани со спорот со името, туку со жестоката политичка конкуренција меѓу власта и опозицијата, многу креатори на јавното мислење и аналитичари, кои нормално не биле против компромисно решение, се фатија на анти-владиното оро само за да останат во линија со новиот изблик на конфронтација со владата. Освен тоа, како што е вообичаено во грчката политичка култура, политичкиот дискурс претендира да се заостри како што едно прашање станува главното несогласување меѓу власта и опозицијата. Поради тоа, скудно прикриени или отворено националистички позиции почнаа да се слушаат и на места кои нормално поддржуваат умерени ставови.

Генерално, во месеците по повторното отворање на ова прашање работите станаа многу потешки за поддржувачите на компромис. Отпорот од Црквата, популизмот и етноцентризмот во медиумите, мобилизацијата на националистички и фактори од граѓанскиот сектор кои се против компромис, засилените тензии во грчка Македонија и приклонувањето на целата парламентарна опозиција кон кампот против договор ја изменија политичката сцена до непрепознатливост.

Иако е прерано да се извлекуваат емпириски заклучоци, се чини дека спорот со името стана многу поемотивно и политички осетливо прашање по мобилизацијата на населението и двата големи протести во Солун (21 јануари 2018 година) и Атина (4 февруари). Сето тоа ги зајакна јавните емоции и ја турна НД, која обично е во линија со главните општествени текови, да се приклони на позиции против компромис. Тие ги исфрлија од игра поддржувачите на подобрувањето на односите меѓу двете земји и создадоа атмосфера која е екстремно неповолна за постигнување компромис.

Неколку месеци подоцна, грчката јавност веќе беше цврсто против финализирањето на преговорите и потпишувањето на Договорот од Преспа. Сите анкети на јавното мислење спроведени по потпишувањето на договорот покажуваат дека големо мнозинство Грци го одбиваат договорот и се против каков било компромис во спорот со името.[4]

Важно е предвид да се земе и регионалната димензија на спротивставувањето на договорот. Според анкетите за јавно мислење јасно е дека мнозинство ширум целата земја е против компромис. Сепак, ставовите на јавноста се многу потврди во Северна Грција (Солун, регионите на грчка Македонија, Тракија и делови од централна Грција).[5] Конзервативизмот и национализмот се поизразени во Северна Грција како резултат на развојните моменти од претходниот век, посебно поради трауматичното искуство од граѓанската војна во Грција (40-те години), кога многу жители кои зборуваат словенски јазик се приклучиле на бунтовничката комунистичка армија, потег кој во Грција главно се смета за обид за насилна поделба на Грчка Македонија.[6]

Поради изразеноста на овие регионално сензитивни прашања, која било влада би имала тешкотии да постигне решение што би ја задоволило Северна Грција. Работите изгледаа малку пооптимистички во ноември и декември 2017 година. Тоа се должеше на храбрите зборови на неконформистичкиот градоначалник на Солун, Јанис Бутарис,[7] и на фактот дека многу академици и креатори на јавното мислење од Северот го поддржуваа кампот за компромис, вклучително и иконската личност во конзервативните кругови од Грчка Македонија, Никос Мерѕос. Сепак, расположението почна да се влошува по протестот во Солун во јануари 2018 година и заложбите на радикално-десничарските и конзервативните фактори (вклучително и Црквата) за мобилизација на јавни чувства против компромисен договор.

## ГРЧКИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ПРАТЕНИЦИ ВО ОДНОС НА РАТИФИКАЦИЈАТА НА ДОГОВОРОТ ОД ПРЕСПА

Една од тешкотиите во ратификацијата на Договорот од Преспа е фактот дека пратениците на СИРИЗА се единствениот можен гласачки блок што ќе го поддржи договорот. Се очекува сите опозициски партии, со исклучок на малата партија Потами, да гласаат против. Освен тоа, и малиот коалициски партнер на СИРИЗА во владата, т.е. Независни Грци (АНЕЛ), изјави дека тие ќе гласаат против договорот. Признавајќи ја оваа реалност, високи функционери од СИРИЗА постојано изјавуваа дека мнозинството што ќе го ратификува Договорот од Преспа ќе го сочинуваат пратеници, а не политички партии.

По општите избори во 2015 година и последователните промени (оставки, пратеници кои станаа независни или се приклучија на други партии), силата и позициите на пратениците во однос на Договорот од Преспа се дадени во табелата подолу.[8]

| ПАРТИЈА/ГРУПА | ИДЕОЛОГИЈА | ВЛАСТ ИЛИ ОПОЗИЦИЈА | МОМЕНТАЛЕН БРОЈ НА ПРАТЕНИЦИ | ЗА ИЛИ ПРОТИВ ДОГОВОРОТ |
|---|---|---|---|---|
| **Коалиција на радикалната левица (СИРИЗА)**[9] | Оригинално тврда левица, што се движи кон централна левица | Власт | 145 | За |
| **Нова демократија**[10] | Централна десница | Опозиција | 77 | Против |
| **Движење за промена (ПАСОК и Демократска левица)**[11] | Централна десница | Опозиција | 20 | Против |
| **Народно движење – Златна зора (ЗЗ)**[12] | Радикална десница/ неонацисти | Опозиција | 15 | Против |
| **Комунистичка партија на Грција**[13] | Сталинистичка левица | Опозиција | 15 | Против |
| **Независни Грци – Национална патриотска демократска коалиција (АНЕЛ)**[14] | Национално-популистичка десница | До неодамна дел од власта | 7 | Против |
| **Потами (Река)**[15] | Централна левица, прореформска | Опозиција | 6 | За |
| **Унија на центристи**[16] | Центристичка, конзервативна | Опозиција | 5 | Против |
| **Независни пратеници**[17] | Различно | Не е достапно | 10 | Мешано |

За да се разбере природата на политичкиот дискурс за спорот со името и да се предвиди можниот исход на гласањето во грчкиот парламент, корисно е да се разгледаат позициите на владејачката партија СИРИЗА и на главната опозициска партија Нова демократија.

СИРИЗА и премиерот Ципрас лично инвестираа огромен политички капитал во решавањето на спорот со името, и тоа во една тешка, па дури и непријателска средина. Оригиналната база на СИРИЗА (таканаречената СИРИЗА од три проценти) со сигурност би одобрила какво било решение за спорот; поточно, за поддржувачите од оригиналната база на СИРИЗА целосното спроведување на Договорот од Преспа би било доказ дека не сè од стариот левичарски дух на партијата е загубено. Сепак, треба да се нагласи дека сега партијата е повеќе во склад со главните општествени текови и со централно-левичарските позиции, додека поголемиот дел од нејзините гласачи, кои потекнуваат од големата база на старите гласачи на ПАСОК, генерално се согласуваат со останатите Грци по прашањето за спорот со името. Тоа покажува дека притисокот за постигнување на Договорот од Преспа, во одредена смисла, беше високо ризичен потег.

Барем засега, се чини дека на национално ниво СИРИЗА не претрпе големи загуби поради Договорот од Преспа. Решавањето на спорот со името е емотивно прашање, но тоа задолжително не е клучното прашање што го одредува однесувањето на гласачите на избори, барем не во случајот на гласачкото тело на кое се обраќа СИРИЗА. Во секој случај, СИРИЗА ќе претрпи загуби во споредба со изборниот резултат од 2015 година, но поради други причини, а не поради Договорот од Преспа. Од друга страна, СИРИЗА успеа да го подобри својот имиџ меѓу странските партнери, од САД и Германија до Европската Унија, што може да се покаже како корисно за подобрување на меѓународната политичка клима за одлуките од економската агенда.

Втората придобивка за СИРИЗА се однесува на домашната политика. Таквата придобивка има долгорочен потенцијал и е директно поврзана со целта на СИРИЗА за доминација на централната левица во подолг временски период. Решавањето на спорот со името и други потези, како што е промената на грчкиот устав, повторното преговарање на односите меѓу државата и Црквата, нагласувањето на политички полиберална агенда што се темели на човекови права, агендата за борба против корупција, нападот врз НД поради нивната веродостојност на десничарска партија - сите се дел од истата тактика за илустрирање и нагласување на јазот меѓу десничарските крила и левичарско-прогресивните сили каде СИРИЗА е доминантна. Спорот со името дава пример за оваа стратегија, и покрај фактот дека станува збор за емотивно прашање за голем број Грци. Политичките пресметки околу ова прашање ја турнаа НД уште подлабоко кон десницата, до тој степен што голем број од нејзините централно-ориентирани гласачи и симпатизери се чувствуваат неудобно. СИРИЗА се надева дека начинот на кој НД и другите опозициски партии се справуваат со ова прашање ќе оддалечи голем број на централно-ориентирани гласачи од блокот против СИРИЗА. На следните избори, овие гласачи веројатно нема да гласаат за СИРИЗА, но ќе станат изборна мета на последователните гласања. Стратегијата не подразбира непосредна добивка, но СИРИЗА се надева дека таа ќе им се исплати во идните изборни циклуси.

Освен тоа, СИРИЗА очекува емоциите околу ова прашање да стивнат по ратификацијата на договорот и опозицијата да ја намали критиката бидејќи постигнатото решение е во согласност со грчките национални интереси и со официјалните позиции на надворешната политика. Премиерот Ципрас инвестираше огромен политички капитал во решавањето на спорот со името и се чини дека тој е одлучен иницијативата да ја истурка до крај.

Претходните сценарија кои повикуваа на избори пред ратификацијата на Договорот од Преспа не се материјализираа и покрај излегувањето на Независни Грци од коалицијата на 13 јануари 2019 година. Како што се очекуваше, владата предводена од СИРИЗА го преживеа гласањето недоверба во грчкиот парламент на 16 јануари 2019 година и се подготвува за презентација на Договорот од Преспа за негова ратификација во парламентот подоцна овој месец. Вообичаено е политичките аналитичари да не гледаат на Нова демократија како на една, туку како на две партии: една попрогресивна, либерална и про-европски/про-западно ориентирана; и една поконзервативна, популистичка партија, со националистички и анти-европски/анти-западни инклинации. До степенот до којшто може да им се верува на ваквите црно-бели групирања, сегашниот лидер на партијата Кирјакос Мицотакис директно спаѓа во првата група, исто како и неговата сестра и гуруто на надворешната политика Дора Бакојани, и каков што беше случајот со неговиот починат татко и поранешен премиер Константин Мицотакис. Оние кои веруваат дека поделбата во партијата е валидна и дека Мицотакис ќе биде слободен да спроведува умерени политики откако ќе дојде на власт не се многу загрижени за сè поголемата непопустливост на НД. Тие сметаат дека тоа претставува само привремен потег кој се смета за неопходен поради дневната политика.

Во моментов, НД останува на ставот за принципиелно несогласување со употребата на придавката „македонски“ за националноста и јазикот. Тоа е главниот аргумент на сите кои го одбиваат договорот, бидејќи нуди легитимен ‘излез’ од недоумицата за отпор кон договорот кој во целина е во согласност со грчките барања. Во исто време, таквиот став носи предност во однос на поврзувањето на НД со чувствата на големо мнозинство Грци, но го сокрива фактот дека, во принцип, позицијата на НД истовремено е спротивна на тоа мнозинство (преку прифаќање на употребата на терминот „Македонија“ во композитна форма). Од потпишувањето на договорот, функционерите од НД изградија различни помошни аргументи за суштинското несогласување, на пример, преку тврдења дека иредентизмот во Северна Македонија опстанува во однос на името на националноста и јазикот; дека договорот не носи искрена ерга омнес[18] употреба; дека преку договорот Грција го прифатила постоењето на етничките Македонци, и различни други аргументи. Некои одеа дотаму да тврдат дека спогодбата не требало воопшто да ги вклучи прашањата за националноста и идентитетот за Грција да не мора да ги прифати овие термини во законско-обрзувачки текст.

НД официјално повика на предвремени избори кои требаше да се одржат пред измените на Уставот на ПЈР Македонија. Партијата аргументираше дека доколку измените се спроведат тие ќе произведат ситуација на завршена работа којашто Грција нема да може лесно да ја врати во првобитната состојба. Од таа причина, НД побара Грција да се повлече од договорот додека тоа сè уште е можно без големи последици. Исто така, тие сметаат дека Панос Каменос, лидерот на малиот коалициски партнер во владата, т.е. Независни Грци, кој го отфрли договорот и излезе од владата поради тоа, има најголема одговорност за одржување на владата на власт доволно долго за СИРИЗА да постигне договор и да почне да го спроведува. На крај, НД се обврза дека доколку дојде на власт таа одново ќе преговара за договорот од нулта позиција пред тој да биде ратификуван во грчкиот парламент.

Откако Нова демократија го направи спротивставувањето на спогодбата за името централна компонента на својата стратегија се појавија многу различни аргументи против различни одредби од Договорот од Преспа. Референдумот во Северна Македонија поттикна нова серија аргументи против договорот. Интересно е да се забележи дека функционери од НД, како Јоргос Кумоцакос, даваа превентивни аргументи пред самиот референдум дека ниска излезност и неуспех

да се одобри таквиот ‘дарежлив договор’ би значело дека етничките Македонци се обземени со национализам, и не се способни да го увидат сопствениот интерес и да го прифатат договорот. Веднаш по референдумот, Дора Бакојани, како водечка фигура во партијата, изјави дека ниската излезност на референдумот значи дека национализмот кај северниот сосед останува во сила и е „посилен отколку што може да се замисли“.

Посебна (иако секундарна) линија на аргументи од НД се фокусираше на купопродажбата на енергетската компанија ЕДС, во сопственост на вицепремиерот во владата во Скопје Кочо Анѓушев, од страна на грчкиот енергетски гигант во државна сопственост, т.е. јавната корпорација за електрична енергија (ΔΕΗ). Функционерите од НД покренаа прашања за оваа купопродажба, аргументирајќи дека цената била превисока имајќи предвид дека, според НД, ЕДС е компанија што креира загуби и чијашто основна дејност е дистрибуција, а не производство на електрична енергија. Тие прашаа дали купопродажбата има некаква врска со финалните фази од преговорите за постигнување на Договорот од Преспа, побараа текстот на купопродажниот договор да биде доставен до грчкиот парламент за дебата, и повикаа на независна ревизија за да се оцени исплатената сума. Движењето за промена упати слични критики. Сепак, ваквата критика не ја опфати очигледната логичка грешка, т.е. ако договорот е дарежлив кон Северна Македонија и штетен за грчките интереси, тогаш зошто било потребно грчката страна да го зајакне поттикот и да ја исплати другата страна, а не обратно?

# ЕВРОПСКАТА УНИЈА СЕ СНАОЃА НЕКАКО

ЕУ е истоштена и носи лузни од серијата последователни кризи: афтершоковите од глобалната финансиска криза во 2008 година која ги разниша темелите на Еврозоната, геополитичкиот предизвик што го наметнува Русија, напливот на баратели на азил во 2015-2016 година, Брегзитот. Иако се покажа издржлива, Унијата сè уште се справува со тешката задача за внатрешна консолидација. Изборниот успех на анти-мигрантските популистички партии, како што е Лега предводена од сегашниот министер за внатрешни работи на Италија, Матеа Салвини, и Алтернатива за Германија (АфД) која ги стави под знак прашање основните на европската интеграција, сугерира дека ЕУ сè уште не стигнала до целосно безбедни води. Наспроти ваквите околности, во јуни 2018 година беше направен позитивен пробив во преговорите меѓу Скопје и Атина во однос на спорот со името.

Кон крајот на јуни и почетокот на јули 2018 година, и Европската Унија и НАТО донесоа суштински одлуки за евроатланските интеграции на Северна Македонија. Имено, на 26 јуни Советот за општи работи (СОР) на ЕУ ја стави Северна Македонија на патот кон отворање на пристапните преговори во 2019 година, додека на 11 јули НАТО ја покани земјата да ги започне преговорите за членство. Обете одлуки претставуваат еден вид награда за Северна Македонија за потпишувањето на Договорот од Преспа на 17 јуни и за (во голема мера) мирната промена на режимот што се случи во 2017 година и ја врати земјата на патот на демократска трансформација, по една деценија заробена држава од страна на тогашната владејачка партија ВМРО-ДПМНЕ.

Германската поддршка и понатаму има витално значење за успешна интеграција на Северна Македонија во ЕУ и НАТО. Реагирајќи на демократското назадување во Северна Македонија за време на режимот на ВМРО-ДПМНЕ под водство на премиерот Никола Груевски, владејачките партии во Германија заземаа критичен став и односите меѓу ЦДУ на Ангела Меркел и нејзината конзервативна сестринска партија ВМРО се оладија со текот на времето. Германската влада е една од неколкуте западни земји кои дадоа отпор на одобрувањето заеми за Северна Македонија од страна на меѓународните финансиски институции (МФИ) во времето кога владата на Груевски беше фокусирана на политички мотивирани инфраструктури проекти како „Скопје 2014“. Исто така, Германија одигра клучна улога во заложбите на ЕУ и на Западот, во поширока смисла, за менаџирање на политичката криза во Северна Македонија во периодот 2015-2017 година. Како членка на НАТО петорката, германската влада беше проактивно вклучена во заедничките заложби на ЕУ и САД во убедувањето на премиерот Груевски и неговите сојузници да ја прифатат промената на власта и формирањето на мнозинска коалиција предводена од опозицискиот лидер Зоран Заев по изборите од декември 2016 година. Последователно, во периодот јуни/јули 2018 година германската влада ја презема водечката улога во извршувањето притисок врз НАТО, но уште повеќе врз ЕУ, за

одблокирање на евроатланските интеграции на Северна Македонија по една деценија застој, и тоа во сè покомплицирана средина во Европа и преку Атлантскиот Океан.

## ПРИСТАПУВАЊЕТО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕУ КАКО КОЛАТЕРЛАНА ШТЕТА: ГРАДЕЊЕТО ВНАТРЕШНО-ГЕРМАНСКА ПОЗИЦИЈА

И покрај водечката улога на Берлин во промовирањето интеграција во Европската Унија за државите од Западен Балкан, Германија не остана имуна на скептицизмот за проширувањето по кризата на еврото. Во голема мера, германската поддршка за проширувањето е резултат на справувањето на владата со скептицизмот меѓу владејачките партии, посебно меѓу владејачката партија ЦДУ/ЦСУ на Меркел. Сепак, заложбите на германската влада и на парламентот за постигнување напредок во пристапувањето се покажаа како неочекувано предизвикувачки. Одлуката на ЕУ за отворање пристапни преговори со Северна Македонија беше закажана за состанокот на Советот на ЕУ на 28/29 јуни, а владата во Скопје веднаш посегна по поддршка во Берлин. Во февруари 2018 година, премиерот Зоран Заев донесе половина од својата владата во Берлин, лобирајќи за германска поддршка меѓу пратениците од владејачката коалиција и во владата. Сепак, овој процес не беше комплициран поради Северна Македонија, туку поради невообичаената контроверзија меѓу владејачките партии и во германската влада во врска со одлуката за отворање пристапни преговори со Албанија. Пакет-одлуката на Советот на ЕУ за Северна Македонија и Албанија го исфрли од игра лобирањето на Германија за отворање пристапни преговори со Северна Македонија, со што тоа стана помалку важно прашање.

До одреден степен, ситуацијата во Албанија беше слична на онаа во Северна Македонија. Во 2017 година, политичката интервенција на западните сили, главно на САД, успеа да стави крај на политичкиот застој во Северна Македонија, го спречи запаѓањето во насилство и го одблокира процесот на реформи. Доделувањето датум за отворање на пристапните преговори со ЕУ беше од витално значење за да се награди таквиот пробив и да се поддржат одржливи реформи. Сепак, додека помалиот коалициски партнер во германската влада, Социјал-демократската партија (СПД), и министерството за надворешни работи предводено од СПД беа на страната на отворање пристапни преговори со Албанија без услови, во ЦДУ имаше силен отпор кон таквата одлука. Иницијално, парламентарната група на ЦДУ, иако необединета, беше против какво било отворање на пристапните преговори.

Отпорот го предводеше парламентарецот Гунтер Киршбаум, претседавач на комитетот за ЕУ во Бундестагот. Во ноември 2016 година, Киршбаум го напиша планот со седум точки на парламентарната група кој содржи услови за реформи што треба да се спроведат пред отворањето на пристапните преговори, и тој остана критичен за напредокот направен во 2017 година. Неговото спротивставување го подгреа оцрнувачката кампања против него во албанските медиуми.[19] Парламентарната група на ЦДУ почна да ја приближува својата позиција кон отворање пристапни преговори со ЕУ дури по преговорите со кабинетот на Меркел кон крајот на мај 2018 година. Таа го изготви првиот нацрт на резолуцијата на владејачката коалиција која треба да биде усвоена во парламентот и којашто предвидуваше строг пакет на услови за отворање на пристапните преговори со Албанија. Сепак, парламентарната група на СПЦ инсистираше на значително намалување на условите. Дури во пресрет на германско-француските меѓувладини консултации, закажани за 18 јуни во Мерзебург, владејачката коалиција го договори компромисниот текст на резолуцијата. Министерството за надворешни работи беше во можност да го одобри нацрт-текстот, но само откако успеа да ја побие невообичаената интервенција од министерството за внатрешни работи

кое се застапуваше за уште построг пакет на услови.

Во пролетта 2018 година, преокупираноста на кабинетот на канцеларката, министерството за надворешни работи и парламентарната група на ЦДУ со спорот околу Албанија целосно ја фрли во сенка одлуката за пристапните преговори со Северна Македонија. Одлуката за отворање пристапни преговори со Северна Македонија предизвика помала расправа во рамки на парламентарната група на ЦДУ. Сепак, во светло на одлуката за Албанија, парламентарната група на ЦДУ сè уште инсистираше на пакет услови, иако тие беа помалку строги. Постигнувањето согласност со парламентарната група на СПД и со министерството за надворешни работи, кои од самиот почеток се застапуваа за давање зелено светло на Северна Македонија без какви било услови, се одвиваше многу полесно. На 22 јуни 2018 година, министерот Мајкл Рот испрати писмо до претседавачот на Бундестагот во кое се утврдува владината позиција за отворање пристапни преговори со Северна Македонија. Писмото ја предвиде заедничката позиција на владејачката коалиција што потоа беше преточена во нацрт-резолуција на Бундестагот која требаше да биде донесена во пресрет на самитот на Европскиот совет закажан за 28/29 јуни. Обата документи сугерираа дека Советот треба да донесе одлука за отворање на пристапните преговори со Северна Македонија, но дека отворањето на првите поглавја од преговорите треба да биде условено со спроведување одредени реформи (во областите правда и реформа на јавната администрација, борба против корупција и организиран криминал). Сите вклучени актери се согласија дека овој пакет услови, за разлика од случајот со Албанија, претставува еден вид ‘мека условеност’ и дека, на крајот, решавањето на спорот со името ќе биде одлучувачко за следните чекори во пристапувањето. Како што забележа еден функционер од ЦДУ, парламентарната група на оваа партија ќе поддржи отворање на пристапните преговори доколку владата во Скопје го спроведе Договорот од Преспа.

## ГЕРМАНСКАТА ПОЛИТИКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕТО УДРИ ВО ФРАНЦУСКИ ЅИД

Кон средината на јуни 2018 година, додека германската влада се подготвуваше за традиционалните двогодишни меѓувладини консултации со Франција во Мерзебург, германското канцеларство беше убедено дека ја надминало најголемата пречка за ЕУ да донесе одлука за отворање на пристапните преговори на 28/29 јуни. Сепак, се покажа дека тоа било погрешна оценка, што стана јасно на 18 јуни кога Меркел се обиде да го убеди францускиот претседател Емануел Макрон да одобри давање условно зелено светло за отворање на пристапните преговори.

Во претходните недели, при контактите на германските владини функционери со нивните колеги од други држави-членки на ЕУ, неколку главни градови сигнализираа приговори. Отпорот на Данска и Холандија за отворање пристапни преговори со двете земји од Западен Балкан е поврзан со свртувањето на нивната внатрешна политика кон десно и политичките притисоци од популистичките сили. Во Хаг, новата владејачка коалиција беше во процес на укинување на граѓанските референдуми за прашањата поврзани со проширувањето. Сепак, Париз беше тој што ги предводеше државите-членки кои приговараа на позитивна одлука за отворање пристапни преговори. Во своите контакти со функционери од германската влада, Париз се фокусираше на Албанија, наведувајќи го прашањето со албанските баратели на азил во Франција како една од причините за неговиот скептицизам.[20] Некои функционери во Берлин тоа го сметаа за главниот приговор на Париз, додека други веруваа дека е „параван“. Функционерите од француското министерство за надворешни работи отворено му сигнализираа на Берлин дека одлуката за Албанија и Северна Македонија е целосно во рацете на Елисејската палата. Пред да се сретнат во Мерзебург, во неколку телефонски разговори Меркел и Макрон

дискутираа за прашањето на Северна Македонија и Албанија. „До Мерзебург, јас лично бев убеден дека на крајот Франција ќе попушти“, инсистираше еден висок владин функционер од Германија.

Сепак, во Мерзебург француската позиција беше одбивање на одлуката за отворање пристапни преговори. Францускиот претседател инсистираше на непреземање никакви следни чекори за проширување на ЕУ пред изборите за Европскиот парламент во мај 2019 година. Германските владини претставници објаснија дека Париз стравува од зајакнување на екстремната десница на европските избори. Неподготвеноста на Макрон за компромис беше одраз на неговата политичка позиција претставена на Самитот меѓу ЕУ и Западен Балкан одржан во мај 2018 година во Бугарија, според која не треба да има натамошно проширување пред продлабочување на Унијата.

Следствено, состанокот во Мерзебург заврши без постигнат договор. Германија и Франција влегоа во дискусиите на состанокот на Европскиот совет за отворање пристапни преговори со Северна Македонија и Албанија со силно спротивставени позиции.

Но, неизбежниот судир меѓу Германија и Франција не се случи на Европскиот самит, туку на состанокот на Советот за општи работи што му претходеше и се одржа на 26 јуни. Франција доби премолчена поддршка од Данска и Холандија, кои со задоволство ја препуштија водечката палка на Париз.

Бугарските претставници (кои го имаа Претседателството со ЕУ) веќе се откажале и сакале да го напуштат состанокот. Компромис бил постигнат во последен момент, по интервенцијата од страна на министерот за надворешни работи на Луксембург, Јан Аселборн. Во нивната заедничка одлука, другите држави-членки де факто се приклонија на француската позиција за непреземање следни чекори во проширувањето пред мај 2019 година. Во неговите заклучоци за Северна Македонија (и во сличната одлука за Албанија), Советот „се согласи позитивно да одговори на [...] напредокот направен од страна на поранешната југословенска Република Македонија и да го поплочи патот кон отворање на пристапните преговори во јуни 2019 година“. Позитивната одлука на Советот беше условена со напредок во седум реформски области кои генерално ја одразуваат германската позиција. Оценката дали е постигнат доволен напредок ќе се направи врз основа на следниот извештај на Европската комисија за земјата, кој треба да биде објавен во април 2019 година.

Во приватен коментар за ваквиот исход на состанокот на Советот, еден висок владин функционер од Берлин имаше мака да го нагласи позитивниот аспект, „во најмала рака, Скопје има нешто на што може да работи“, упатувајќи на претстојниот референдум и реформските услови наведени во заклучоците. Сепак, соочен со непопуларноста на компромисот во очите на граѓаните од Северна Македонија, тој мораше да признае дека француската позиција сериозно го поткопа кредибилитетот на политиката за проширување што се темели на условеност.

Во минатото проширувањето беше заштитната политика на ЕУ. Тоа веќе не случај и покрај објавувањето на публикацијата „Кредибилна перспектива за проширувањето и зајакнат ангажман на ЕУ со државите од Западен Балкан“[21] во февруари 2018 година и повторниот политички ангажман на ЕУ во регионот од крајот на 2016 година. Макрон, меѓу другите, верува дека проширувањето е спротивно на продлабочувањето. Демократското назадување во Унгарија и Полска едвај може да се смета за успокојувачки преседан, а да не зборуваме за хроничниот дефицит на владеењето на правото во Романија и Бугарија. Поддржувачите на проширувањето како стратегиско средство за проектирање стабилност врз нестабилната периферија на Европската Унија се соочени со тешка битка. Во таа насока, неизбежното излегување на Обединетото Кралство, кое е традиционален застапник за проширувањето, не е

од некаква помош. Неодамнешниот самит во Лондон под покровителство на таканаречениот „Берлински процес“, кој е дизајниран да ги задржи државите од Западен Балкан на патот кон ЕУ, беше нарушен поради расправиите околу Брегзитот кои го растргнаа кабинетот на Тереза Меј. Со оглед на ваквите ветришта што доаѓаат од различни страни, зачудува фактот дека Европската Унија воопшто ја охрабрува Северна Македонија да ѝ се приклучи. Сепак, колебливоста на Унијата да го одблокира патот кон пристапување во ЕУ за Северна Македонија, дури и по Договорот од Преспа, нè враќа назад во ситуацијата пред повторниот политички ангажман на ЕУ од 2017 година, кога Кремљ непречено можеше да го шири своето влијание во државите од Западен Балкан.

# РУСИЈА ВО УЛОГА НА РАСТУРАЧ

Главниот интерес на Русија во земјите од поранешна Југославија, генерално, и во Северна Македонија, конкретно, се однесува на дејствувањето како противтежа на Западот. Москва нема позитивна агенда, но ја користи секоја можност за да ги попречи плановите на нејзините противници. Таа не поддржува членство на државите од Западен Балкан во економските и безбедносните платформи под нејзина надлежност, како што е Евроазиската економска унија (ЕЕУ) или Организацијата на Договорот за колективна безбедност (ОДКБ). Кремљ не е склон да ги троши и онака недоволните финансиски ресурси во регионот, а уште помалку да испрати трупи за да има удел во безбедносните прашања на Балканот. Оттука, избраната стратегија подразбира мешање во локалните конфликти преку дипломатски канали или директно вклучување во внатрешната политика. Крајната цел е да се спречи консолидација на западниот поредок преку одржување на статусот кво во регионот. Нерешените спорови во државите на Балканот го привлекуваат вниманието на креаторите на јавни политики на двете страни од Атлантскиот Океан подалеку од ‘блиската далечина’ на Русија во пост-советскиот простор.

Руската политика на опструкции е во функција на нејзината конфронтација со Европската Унија и САД што ја предизвика анексијата на Крим. До тој момент, односите меѓу Москва и Западот во однос на Југоисточна Европа не беа целосно втемелени на логиката со нулта сума. Тоа не сугерира дека претходно не постоеја фрикции, што може да го посведочи секој што се сеќава на говорот на Путин даден на Конференцијата за безбедност во Минхен од 2007 година.[22] Сепак, заедничките интереси ја движеа соработката во области како што е енергетската инфраструктура. Во тоа време, Русија гледаше на поранешната Југославија како на продолжена рака на Западот. Таа вложи слаб протест на проширувањето на НАТО со Хрватска и Албанија и не приговори на проширувањето на ЕУ. Тогаш, зошто ѝ пречи пристапувањето на Црна Горна и Србија во Унијата, имајќи превид дека овие земји, кои имаат екстензивни врски со Русија, би го зголемиле бројот на држави-членки во Брисел со пријателски однос кон Москва?

Многу работи се сменија во последните шест и повеќе години. Свртувањето кон конфронтирачки односи за време на третиот мандат на Путин и војната во Украина ја трансформираа Русија од тежок партнер во растурач. Тоа оди во корист на анти-западните и националистичките групи, како и на недисциплинираните лидери како Милорад Додиќ, член на трипартитното претседателство во Босна и Херцеговина. Во одредени моменти, Русија е подготвена да се коцка, како во случајот на Црна Гора, каде се чини дека со целата своја сила застана зад наводниот обид за државен преврат во 2016 година за да го блокира влезот на земјата во НАТО. Јавните обвинители во Подгорица го вперија прстот кон вое958ното разузнавање на Москва (GRU), истата единица што е

имплицирана во нападот со нервен агенс врз Сергеј и Јулија Скрипал во Обединетото Кралство.

Русија го зајакна својот профил и во Северна Македонија. Иако премиерот Груевски реторички остана посветен на Европската Унија и НАТО, тој вложи значителен напор за градење на своите врски со Русите. На пример, Скопје и Москва развија планови за снабдување на земјата со природен гас. Руски компании инвестираа во други делови од енергетскиот сектор (на пр., Лукоил инвестираше во бензински станици, а компанијата ТКГ, регистрирана на Кипар, ја презема постројката за комбинирано производство на топлина и електрична енергија во близина на Скопје). Сергеј Самсоненко, бизнисмен од јужниот руски град Ростов со удел во коцкарската индустрија во Северна Македонија, стана спонзор на спортски тимови како ФК Вардар во Скопје, со што ја зголеми меката моќ на Русија.

За време на кризата во 2015-2017 година, Русија застана на страната на тогашната владејачка партија ВМРО-ДПМНЕ. Медиумите поврзани со Кремљ ги оквалификуваа антикорупциските протести во Скопје како продолжение на заговорот на Западот за извоз на обоени револуции, сеејќи хаос и деструкција во пресрет на самите протести. По вооружената пресметка меѓу албанските милитанти и безбедносните сили во Куманово, министерот за надворешни работи Сергеј Лавров јавно ги обвини Албанија и Бугарија, две членки на НАТО, за заговарање поделба на Северна Македонија. Оваа теорија произлезе од политички коментар емитуван на РТ (Русија денес), телевизиски канал спонзориран од Кремљ. Оваа шпекулација потоа ја пренесоа медиумите што го поддржуваат Груевски, кои ширеа страв од албанско востание во Македонија и во регионот, помогнато и поттикнато од западните сили. Такви шпекулации одекнаа и во Србија (види подолу), каде националистичките коментатори го вклучија алармот за ‘македонско сценарио’ што ѝ се заканува на земјата.

Сега во опозиција, ВМРО-ДПМНЕ спроведува кампања против спогодбата со Грција, отфрлајќи ја како чин на национално предавство. Нејзините членови гледаат во Русија како на заштитник од перципираниот диктат од Западот, но и од Албанците. Руските знамиња станаа редовна глетка на анти-владините митинзи. На политичката сцена се појави радикална про-руска партија, Заедничка Македонија, која се обидува да капитализира од овој судир. Привлечноста на Русија е вообичаена и во Грција, каде опонентите на компромисот со Скопје го сметаат Путин за свој сојузник во отпорот против Западот, посебно против САД и Германија.

Русија има амбивалентен став кон Договорот од Преспа. Иницијално, руското министерство за надворешни работи го поздрави постигнатиот компромис. Сепак, нема сомнежи дека Москва би профитирала доколку спогодбата меѓу Заев и Ципрас пропадне. Се чини дека Русија веќе презема активни мерки за да го поткопа решавањето на спорот со името. Како чин без преседан, во јули 2018 година грчките власти избркаа двајца руски дипломати и одбија влез на уште двајца поради тоа што работат со групи во Северна Грција кои дејствуваат против договорот со Северна Македонија. Русија возврати со отстранување на двајца грчки дипломати. Потоа, Грција го отповика својот амбасадор во Москва, што претставува чин без преседан во земја која е традиционално пријателски настроена кон Русија. Паралелен развоен момент претставува и влошувањето на односите меѓу Руската православна црква и Цариградската патријаршија. Вселенскиот патријарх ја призна Украинската православна црква која се оддели од еклезијастичката власт на Москва. Грчката влада не ги одобри визите на руските монаси кои сакаа да патуваат на Света Гора. Неодамна, при посетата на Ципрас во Москва двете страни направија заложби за поправање на меѓусебните односи. Москва изјави дека тие нема да се спротивстават на Договорот од Преспа ако грчкиот парламент го ратификува, но пред само неколку денови руското министерство за надворешни работи

објави соопштение во кое го изразува своето незадоволство со наводните надворешни притисоци врз двете земји за решавање на спорот со името.[23] Освен тоа, Русија продолжува да се спротивставува на членството на Северна Македонија во НАТО.

Растат и тензиите меѓу владата во Скопје и Кремљ. Зоран Заев го обвини Иван Савидис, грчко-руски тајкун кој живее во Солун и поранешен член на Думата (долниот дом во законодавното тело на Руската Федерација), дека префрлил 300.000 евра на фудбалски хулигани во Северна Македонија за тие да учествуваат во протестите против Договорот од Преспа.

Активните мерки и дезинформативните кампањи, наменети да ги поттикнат националистите и во Грција и во Северна Македонија, се целосно во линија со политиката на Москва за враќање на ударот кон Западот. Неуспех на грчкиот парламент да го ратификува Договорот од Преспа ќе го запре проширувањето на НАТО со државите од Балканот и ќе се смета за главен дипломатски пресврт во корист на Русија. Ако Договорот од Преспа пропадне, нема да биде изненадување доколку Москва ја заостри својата реторика и ги удвои заложбите за мешање во внатрешните работи на двете земји.

# ВО ДРУГИТЕ ДРЖАВИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Од нејзината независност во 1991 година, позицијата на Северна Македонија во Југоисточна Европа беше оспорена од повеќето соседни земји. До почетокот на 2018 година, Бугарија ја доведуваше во прашања посебноста на македонската нација и на македонскиот јазик. На Србија ѝ требаа пет години да ја признае Северна Македонија како независна земја, додека Српската православна црква никогаш не ја прифати независноста на Македонската православна црква. Успешното спроведување на Договорот од Преспа ќе го зголеми притисокот врз другите земји од регионот да ги решат нивните билатерални прашања. Гласот „за“ во Скопје ќе го зголеми притисокот врз Србија и Косово да изнајдат решение за преостанатиот билатерален спор во регионот што се однесува на идниот статус на Косово.

На планот на надворешната политика, првиот успех на владата предводена од Заев беше потпишувањето[24] и ратификацијата[25] на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Бугарија. Договорот го признава територијалниот интегритет на двете земји, предвидува формирање комисија која ќе работи на решавање на нивните различни гледишта за историјата, и се залага за заштита на правата на државјаните на другата земја кои живеат на нивна територија. Дополнително, тој вклучува одредби за немешање во внатрешните работи на другата земја и се фокусира, со повеќе детали, на соработката на полето на економијата, инфраструктурата и културата, предвидувајќи формирање заедничка работна група која ќе дискутира за начините за подобрување на соработката. Двете страни го сметаат овој договор како основа за заложбата на Бугарија да му помогне на својот западен сосед во неговиот обид за влез во НАТО и ЕУ.

Договорот стапи на сила за време на бугарското претседателство со ЕУ и позитивните резултати од него беа веднаш почувствувани. За кратко време, од неодлучен и сомничав сосед Бугарија стана силен поддржувач и промотор на членството на земјата во ЕУ и НАТО.

Претходно, односите меѓу Скопје и Софија беа далеку од позитивни. За време на претходната владина администрација во Скопје, договорот беше во фаза на подготовка со години, но не беше финализиран поради тензичните билатерални односи меѓу земјите. И покрај фактот дека обајцата се лидери на политички партии кои се членки на Европската народна партија (ЕПП), наводните лоши лични односи меѓу двајцата премиери, Борисов и Груевски, само ја зголемија оваа тензија.

Односите на Северна Македонија со Србија станаа тензични по промената на власта во Скопје. Претходната влада во Македонија уживаше силна поддршка од тогашниот српски премиер Александар Вучиќ и неговата политичка партија (која исто така е членка на ЕПП). Кога скандалот со прислушуваните разговори прерасна во сериозна политичка криза со секојдневни протести, провладините таблоиди во Србија почнаа организирана кампања против промена на власта во Скопје. Обвинувањата дека новата влада ќе дозволи создавање на ‘Голема Албанија’ и дека ќе падне во рацете на Албанците кои се залагаат за распаѓање на Северна Македонија станаа секојдневна појава во провладините медиуми. Србија беше сериозно вклучена во политичката криза и претседателот Вучиќ го фалеше поранешниот премиер Груевски и неговата влада за нивниот отпор кон надворешните влијание, како и странските платеници и агенти. Кога протестите ескалираа во насилство, а демонстрантите насилно влегоа во парламентот во април 2017 година, медиумите во Северна Македонија објавија фотографија од Горан Живаљевиќ, српски разузнавач кој работел за српската амбасада во Скопје, меѓу толпата во парламентот. Српскиот истражувачки портал КРИК и МИОКК објавија транскрипт од разговорите меѓу Живаљевиќ, про-руски политичар и лидер на партијата на српското малцинство во Северна Македонија, и жесток српски новинар кој го поддржува Кремљ и пратеник од редовите на владејачката партија во Србија, кои упатуваат на обиди за мешање во немирите во земјата.[26] Набрзо потоа, Живаљевиќ ја напушти Северна Македонија, а српската влада го повлече целиот персонал од својата амбасада во земјата.[27] Тоа беше направено поради разузнавачки извештаи за наводна ‘офанзивна акција’ против Србија и српските интереси во Северна Македонија.[28] Преземањето такви чекори против Северна Македонија е без преседан, дури и од времето на НАТО интервенцијата врз Србија.

# ШТО Е СЛЕДНО?

По успешната промена на Уставот на Северна Македонија и усвојувањето на „Северна Македонија“ за официјално име на земјата, како и по успешното гласање доверба на владата предводена од СИРИЗА по растурањето на коалицијата со АНЕЛ заради спогодбата со Скопје, во следните недели се очекува грчката влада да ја истурка ратификацијата на Договорот од Преспа во парламентот и, последователно, да го достави до грчкиот парламент протоколот за членството на Северна Македонија во НАТО за истиот да биде ратификуван некое време во февруари или март. Потоа, во летото 2019 година, веројатно е дека Северноатланскиот сојуз ќе и посака добредојде на својата 30-та држава-членка, додека до крајот на 2019 или почетокот на 2020 година се очекува Европската Унија да ги отвори пристапните преговори со Северна Македонија и потенцијално со Албанија. Ваквиот пробив ќе ги зајакне евроатланските политики во регионот. Сега кога Северна Македонија е на вистинскиот пат, креаторите на јавни политики ќе се концентрираат на тешките случаи како Босна и Херцеговина и Косово. Србија ќе продолжи да ја зајакнува безбедносната и одбранбената соработка со НАТО, без формално да ја смени својата политика на неутралност. Проширувањето на Алијансата одлучно ќе го ограничи руското влијание во државите од Западен Балкан.

Три можни сценарија се идентификувани во однос на тоа дали и кога Договорот од Преспа ќе стигне за гласање во грчкиот парламент:

а. СИРИЗА обезбедува релативно комфорно мнозинство;

б. СИРИЗА обезбедува само маргинално мнозинство;

в. СИРИЗА не успева да издејствува гласање на договорот.

Врз основа на нашите анализи, во табелата подолу се дадени предвидувањата за гласањето на Договорот од Преспа и веројатноста на секое од овие три сценарија.

| ГЛАСАЊЕ ЗА РАТИФИКАЦИЈА | МНОЗИНСТВО | БРОЈ НА ГЛАСОВИ | ГРУПА ВО ПОДДРШКА НА РАТИФИКАЦИЈАТА | ВЕРОЈАТНОСТ |
|---|---|---|---|---|
| **Оптимистичко сценарио** | Комфорно мнозинство | 153-158 | СИРИЗА и повеќето пратеници на Потами, плус неколку пратеници од АНЕЛ и независни пратеници | 40% |
| **Умерено сценарио** | Маргинално мнозинство | 151-152 | СИРИЗА и повеќето пратеници на Потами, плус двајца пратеници на АНЕЛ | 30% |
| **Песимистичко сценарио** | Нема мнозинство | <151 | Пратениците на СИРИЗА плус помалку од шест пратеници на Потами, АНЕЛ и независните | 30% |

Оттука, ако ратификацијата на Договорот од Преспа се стави на гласање во грчкиот парламент голема е веројатноста е дека тој ќе биде ратификуван. Сепак, ситуацијата стана покомплицирана кога Каменос конечно ја реализираше својата закана и формално ја повлече својата партија од владата поради Договорот од Преспа. Ваквиот потег го одбија четворица од неговите пратеници, вклучително и двајцата министри од АНЕЛ кои останаа на нивните позиции во владата и заради тоа Каменос веднаш ги исклучи од партијата. Премиерот Ципрас повика на гласање доверба во неговата влада, кое помина успешно, по што тој ќе продолжи со следниот чекор, односно со ратификација на Договорот од Преспа во парламентот. Она што дополнително ги комплицира работите е фактот дека очекуваното мнозинство гласови за успех на двете гласања не е идентично. За да го преживее гласањето доверба Ципрас се потпре на неколку (сегашни и претходни) пратеници од АНЕЛ, додека сите освен еден пратеник од Потами гласаа против владата. За разлика од тоа, гласањето за Договорот од Преспа во голема мера ќе зависи од гласовите на Потами, но потребни ќе бидат и два-три гласа од пратеници кои биле избрани од партискиот список на АНЕЛ.

Потенцијалното песимистичко сценарио поразбира неуспех на Договорот од Преспа и враќање на статусот кво од периодот пред 2017 година. Во Атина и Скопје на власт може да дојдат нови влади на Нова демократија и ВМРО-ДПМНЕ, што дополнително ќе го комплицира решавањето на спорот. Таква ситуација остава мал простор за компромис и двете партии би можеле да заземат националистички позиции, каков што беше случајот и пред 2017 година. Европската Унија ќе биде немоќна да интервенира, посебно ако Скопје не го испорача својот дел од договорот. Русија би била во добивка и може да ѝ понуди на Северна Македонија одреден вид договор за одбранбена соработка како оној што го има со Србија. Се разбира, голема е веројатноста дека ВМРО-ДПМНЕ нема во целост да ја прифати Русија, туку ќе го следи примерот на српскиот претседател Вучиќ за жонглирање меѓу Истокот и Западот. Таа ќе флертува со Москва, но истовремено ќе ја нагласува својата посветеност на членството во Европската Унија и НАТО. Сепак, руското додворување на Северна Македонија со сигурност ќе предизвика меѓуетнички тензии во двете земји, но и вон нивните граници.

## ПРЕТСТОЈНИТЕ ИЗБОРИ ВО ГРЦИЈА

Изборите во Грција веројатно ќе се одржат пред или заедно со европските избори во мај 2019 година. Со сигурност Нова демократија ќе има најдобри резултати, со предност од пет до десет процентни поени пред втората партија. Повеќето набљудувачи и анкети за јавното мислење се согласуваат дека СИРИЗА ќе биде на силното второ место, со што во грчката политика ќе се обезбеди континуирана доминација на двата главни столбови на политичкиот систем. Тоа е важно бидејќи ќе влијае врз пост-изборните сојузи и ќе ја оформи политиката на Грција во текот на спроведувањето на Договорот од Преспа. Златна зора, Движење за промена и Комунистичката партија се очекува да влезат во парламентот, при што секоја од нив ќе освои шест до осум проценти од гласовите. Не се очекува дека малите партии, кои се застапени во тековниот состав на парламентот, вклучително и Независни Грци, ќе ги задржат нивните места.

Треба да се забележи дека нов учесник во парламентот може да биде една нова партија од радикалната десница. Според анкетите, две-три помали радикално-десничарски (и до одреден степен про-руски) партии уживаат поддршка помала од прагот од 3%. Ако овие партии успеат да договорат коалиција пред изборите, тие лесно може да добијат пратенички места. Исто така, можно е една од овие партии, т.е. Грчко решение, предводена од жестокиот националист и поранешен премиер Константин Велопулос, кој има врски со Русија, сама да освои пратенички места. Во било кое од

овие две сценарија, НД ќе загуби места во парламентот. Освен тоа, имајќи предвид дека овие партии се исклучиво фокусирани на македонското прашање и го зајакнаа своето влијание поради решавањето на спорот со Скопје, веројатно е дека, ако влезат во парламентот, тие ќе влијаат врз јавната дебата и, ако влезат во владата, тие ќе ја оформуваат грчката политика.

Главното прашање е дали Нова демократија ќе успеа да освои апсолутно мнозинство и да ја формира владата сама или ќе треба да формира коалиција со една од опозициските партии. Ако се оствари сценариото кое ги вклучува петте партии, голема е веројатноста дека коалициски партнер ќе им биде централно-левичарското Движење за промена. Тоа се добри вести за Договорот од Преспа бидејќи веројатноста овие политички партии да усвојат радикална позиција за пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ е помала. Сепак, ако НД не успее да добие апсолутно мнозинство и не се договори за заедничка коалиција со Движење за промена или СИРИЗА, единствениот преостанат избор ќе биде радикално-десничарска партија, бидејќи Комунистичката партија никогаш не влегува во коалиции, а Златна зора де факто е исклучена од соработки во парламентот. Ако радикално-десничарска партија со екстремна агенда за македонското прашање ѝ се приклучи на НД во владата, тоа ќе бидат лоши вести за идните односи со Северна Македонија, но и со другите соседи на Грција од Балканот.

Се разбира, непосредното прашање е што може да се очекува од некоја идна влада предводена од НД во однос на Договорот од Преспа? Дали спроведувањето на договорот ќе се одвива непречено или не? Во интервју за Зидојче цајтунг од јули 2018 година, Мицотакис изјави: „Јас јасно ставив на знаење дека не ми се допаѓа овој договор [...] Но, велам и дека ќе го почитувам [договорот] како заложба што ја презема земјата, под услов тој да биде ратификуван од грчкиот парламент“.[29] Набљудувачите кои добро ги разбираат внатрешните состојби во НД инсистираат дека НАТО и Европската Унија треба да бидат одделено третирани во секоја анализа за идната политика на партијата.

## НЕОСПОРЕНОТО ЧЛЕНСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО

За разлика од пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ, на Самитот на НАТО во јули 2018 година апликацијата за членство на земјата помина без контроверзии и беше одобрена од сегашната влада во Грција. На Самитот во Брисел одржан на 11 јули, шефовите на државите и владите „одлучија да ја поканат поранешната југословенска Република Македонија да ги започне пристапните преговори за приклучување во Алијансата“. Во неговото официјално писмо до премиерот Заев, генералниот секретар на НАТО Јанс Столтенберг нагласи дека „поканата доаѓа во контекст на историскиот договор постигнат меѓу Скопје и Атина за името на вашата земја [...]“. Одлуката беше целосно поддржана од германската и од другите влади во ЕУ, кои сметаат дека членството на Северна Македонија во НАТО е важен чекор за спречување на руското мешање во регионот на Западен Балкан. Не се спомнуваат никакви услови за полноправно членство на Северна Македонија во НАТО освен спроведувањето на Договорот од Преспа.

Придобивката од членството на Северна Македонија во НАТО не се однесува толку на запирањето на Русија под водство на Путин колку на зајакнување на стабилноста во пост-југословенскиот простор. За НАТО, тоа претставува завршување на работата што датира уште од 90-те години. За Северна Македонија, членството значи внатрешна и надворешна безбедност. Секоја од главните заедници во земјата имаат придобивки од овој процес. Влезот на Северна Македонија во НАТО задолжително нема да ја премости етничката поделба, но сепак може да ги

одврати политичките претприемачи од искористување на ваквата поделба и така да создаде поголемо единство.

Во ова сценарио, ако парламентот во Атина го ратификува Договорот од Преспа и под услов САД безусловно да го поддржат пристапувањето на Северна Македонија и процесот на ратификација во Конгресот да не наиде на политички пречки (како што се случи со Црна Гора во 2016 година), Северна Македонија ќе стана 30-та членка на НАТО.

## ИНТЕГРАЦИЈАТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Од друга страна, работите се поразлични во однос на пристапувањето на земјата во ЕУ, што претставува долготраен процес кој нуди повеќе опции за блокирање, а некоја идна влада на НД може да падне во искушение да усвои поразлична политика. Станува јасно дека лидерството на НД веќе размислува за построга политика во однос на процесот на пристапување во ЕУ во светло на нејзините очекувања дека ќе дојде на власт. На пример, два дена пред гласањето доверба на владата во грчкиот парламент, во телевизиско интервју лидерот на НД Мицотакис изјави дека ако владата го ратификува Договорот од Преспа и протоколот за пристапување во НАТО, тогаш ништо не може да се направи и Скопје ќе му се приклучи на НАТО. Сепак, Мицотакис изјави и дека „земјата сè уште не е влезена во Европската Унија. Патот на Скопје до Европската Унија е долг процес и тој во голема мера зависи од тоа дали [земјата] ќе покаже добрососедски односи со Грција“. Исто така, тој не изрази несогласување со толкувањето на грчкиот новинар дека процесот на пристапување во ЕУ нуди можности „за корекции во иднина“[30].

Грчката влада, како и владите на другите држави-членки на ЕУ, ќе треба да дадат зелено светло за секое поглавје од пристапните преговори со ЕУ. Според сегашната законска рамка, Атина може да биде единствената земја што го блокира процесот, бидејќи станува збор за едногласна одлука на сите држави-членки на ЕУ. Некоја идна влада во Грција може да го наведе своето несогласување со спогодбата за спорот со името. На пример, таа може да го покрене прашањето поврзано со спроведувањето на Договорот од Преспа и почитувањето на одредбите и духот на овој договор. Идните влади во Грција ќе бидат многу внимателни на термините што се користат во Северна Македонија, без оглед дали за домашна или за меѓународна употреба, и сосема сигурно ќе изразат приговор на користењето термини коишто Грција смета дека се несоодветни. Веројатно е дека ќе постојат различни толкувања на одредбите од Договорот од Преспа. Грчката страна може да се обиде да го наметне своето толкување за овие спорни прашања, и за таа цел може да ја искористи својата моќ за блокирање на пристапувањето во ЕУ. Евентуална промена на владата во Северна Македонија и враќањето на власт на националистичката ВМРО-ДПМНЕ може да донесе дополнителни компликации во процесот. Во крајна линија, иако е помалку веројатно, но не и целосно незамисливо, некоја идна влада во Атина може да бара можности за укинување на Договорот од Преспа, користејќи ги сите перципирани прекршувања на договорот како причина за тоа.

Претходните преговори за членство во ЕУ нудат многу преседани за блокирање на процесот, на пример, Словенија против Хрватска и Кипар против Турција. Бидејќи Северна Македонија веќе ќе стане членка на НАТО, ефектот од таквата делумна блокада нема да биде разурнувачки. Сепак може да постои доволно простор за компромис. Но, секој застој во преговорите ќе им даде кредибилитет на гласовите во Скопје кои се застапуваат за мултивекторна надворешна политика, со Русија и/или Турција како алтернативна матица. Исто така, Москва ќе ја интензивира кампањата за ‘освојување на срцата и умовите’.

Имајќи предвид дека членството во ЕУ налага едногласна одлука на државите-членки, за да спречи или да ги реши можните идни спорови околу Договорот од Преспа, Европската Унија – заедно со Северна Македонија - треба да размисли за донесување патоказ за неговото спроведување. Билатералниот спор меѓу Скопје и Атина треба да се преформулира колку што е можно пореалистично во мултилатерално прашање во рамките на ЕУ, со што ќе биде многу потешко некоја држава-членка да ја киднапира политиката за проширување на ЕУ, но и ќе осигури дека договорот рамноправно се спроведува во корист на обете страни од (поранешниот) спор.

# КРАЈНИ БЕЛЕШКИ

1 Англиска верзија на Договорот од Преспа, достапно на: http://www.ekathimerini.com/resources/article-files/aggliko-1.pdf

2 Види кај Srdjan Cvijic, “Macedonia: What’s in a Name and Behind It?”, European Policy Centre, 16 јули 2009 година, достапно на: http://www.epc.eu/documents/uploads/41255650_Macedonia.pdf

3 Повеќе информации за скандалот со Новартис се достапни на: https://www.politico.eu/article/greece-politics-novartis-scandal-pharmaceutical-whistleblower/

4 На пример, според анкетата што ја спроведе агенцијата *Public Issue* во ноември 2018 година, 65% од Грците се против Договорот од Преспа, само 17% го поддржуваат, а 13% остануваат неутрални по ова прашање. Според истата агенција за испитување на јавното мислење, во периодот од јули до ноември 2018 година јавната поддршка за договорот се намалила за 4%. Достапно на: https://www.publicissue.gr/14729/varometro-nov-2018/
Интересно е да се забележи дека, според националната анкета што ја спроведе агенција *Pulse* за потребите на ТВ Скај во периодот 16-18 септември 2018 година, ставовите на гласачите на СИРИЗА и НД за Договорот од Преспа се поделени. Анализирано според нивното гласање на изборите од септември 2015 година, негативниот став меѓу гласачите на СИРИЗА достигнува 41% (26% - многу, 15% - прилично), додека меѓу гласачите на НД тој процент изнесува 81% (62% - многу,19% - прилично). Во однос на позитивниот став, такви одговори беа наведени од мнозинството гласачи на СИРИЗА, односно 53% (30% - многу, 23% - прилично), додека нивниот процент меѓу гласачите на НД е многу понизок (11% - многу, 8% - прилично). Достапно на: https://www.iefimerida.gr/sites/default/files/skai-pulse-092018.pdf

5 На пример, една анкета на јавното мислење што ја спроведе агенцијата *Pro Rata* во првата изборна единица во Солун (неколку општини кои го формираат урбаниот дел на градот) во периодот 5-7 септември 2018 година покажува дека 65% од гласачите на СИРИЗА и 71% од гласачите на НД се против Договорот од Преспа. Достапно на: http://myportal.gr/wp-content/uploads/2018/09/Prorata_Erevna_9-2018.pdf

6 Освен траумата од граѓанската војна во Грција, и други фактори имаа улога во оформувањето на идеологијата и политичката култура во Северна Грција. Политиката на Црквата беше од суштинско значење во политичките и национални игри на моќ за време на доцната Отоманска Империја. Поради претходно елаборираните закани, влијанието на грчката државна администрација (конзервативно образование, тајни служби, полиција и армија) беше традиционално повидливо. Понтиските Грци (Црно Море – Северна Турција) и Грците од Мала Азија (централниот дел и Западна Турција) кои како бегалци се населиле во Грчка Македонија традиционално негуваат силни верски чувства. Со децении, локалната политика била моќен микс од влијанието на бегалските здруженија (традиционално националистички) и на верските институции. Изолационистичките чувства и (понекогаш неоснованите) перцепции за закана се засилија и консолидираа за време на Студената војна. Овие чувства добија на интензитет за време на новиот националистички бран што ја преплави Грција во 90-те години како резултат на распадот на Југославија, последователните војни и независноста на Социјалистичка Република Македонија.

7 Работите се влошија по неколку изјави на градоначалникот Бутарис кои дури и умерените креатори на јавното мислење во Северна Грција ги сметаат за гафови. Иако поканата до премиерот Заев да ја помине новогодишната ноќ во Солун генерално беше поздравена, постојаното користење на терминот „Македонија“ од страна на Бутарис ги разгневи дури и умерените гласачи. ‘Капката што ја прели чашата’ беше изјавата на Бутарис, дадена по преименување на скопскиот аеродром Александар Велики, дека Солун можеби треба да размисли за преименување на својот аеродром (кој во моментов се вика Македонија). Ваквите изјави го намалија неговиот политички капитал во Солун и ја ослабеа привлечноста на кампот што поддржува компромис.

8 Вкупниот број пратеници во грчкиот парламент е 300, додека за ратификација на договорот владата мора да обезбеди апсолутно мнозинство гласови од пратениците кои присуствуваат на седницата.

9 СИРИЗА е главната партија во владината коалиција и двигател на решението за спорот со името. Во претходните месеци се појавија шпекулации дека пратениците од Северна Грција се против оваа политика, но дека лидерството успеало да го задуши несогласувањето. Веројатно е дека сите пратеници на СИРИЗА ќе гласаат за ратификација на договорот.

10 Нова демократија (НД) е главната опозициска партија и на сите анкети на јавното мислење таа добива предност со комфорна разлика во гласовите пред другите. Со сигурност се очекува оваа партија да ја формира следната влада, сама или со поддршка од некоја помала партија како што е централно-левичарското Движење за промена. Очекувањата се дека на следните избори НД ќе освои меѓу 70 и 80 парламентарни места, факт кој ја прави оваа партија многу атрактивна алтернатива за пратениците од помалите партии кои пропаѓаат. Освен тоа, поради фактот дека таа речиси сигурно ќе победи на следните избори, просторот за несогласување во моментов е блиску до нула, што претставува типична одлика на грчката политика. НД ќе гласа против договорот.

11 Движење за промена е новоформирана коалиција меѓу ПАСОК, порано најголемата партија во Грција, и Демократска левица, мала партија која се одвои од фракциите во СИРИЗА. Лидерството и гласачите на ПАСОК доминираат во Движење за промена. Партијата неволно застана зад нејзината лидерка Фофи Генимата и ја прифати позицијата против Договорот од Преспа, и покрај фактот дека повеќето главни личности во партијата, вклучително и речиси сите кандидати на последните претседателски избори, го поддржуваат договорот.
Оттука, партијата е силно поделена по ова прашање, но поради нејзиниот инстинкт за политички опстанок и борбата за избегнување фатална поделба, веројатно е дека тие ќе ја следат официјалната позиција на партијата. Единствениот исклучок може да биде лидерот на помалата партија Демократска левица, која го поддржува договорот и ја остава отворена можноста да гласа за истиот.

12 Златна зора е добро познато радикално-десничарско движење со неонацистички инклинации. Сите 15 пратеници на оваа партија ќе гласаат против договорот.

13 Комунистичката партија на Грција е чуден хибрид кој останува идеолошки посветен на сталинизмот, таа целосно учествува во грчкиот парламент од нејзината легализација во 1974 година и претежно гласа против сите про-западни одлуки. Таа е меѓу најстабилните политички сили и во последните 40 години освојува 7 до 10 проценти од гласовите. Партијата претендира да се спротивставува на национализмот, но е против Договорот од Преспа бидејќи истиот го смета за уште еден обид на САД и Западот за преземање контрола врз нови територии и држави. Нејзините 15 пратеници ќе гласаат против или ќе се воздржат од гласање поради одредбата во договорот што се однесува на влезот на Северна Македонија во НАТО.

14 Независни Грци (АНЕЛ) е партија од етно-популистичката десница која се одвои од НД за време на кризата. Таа усвои жестока реторика против мерките за штедење и финансиската помош за спас на Грција, што овозможи партијата да влезе во владата на левичарската СИРИЗА. Сепак, клучните позиции на партијата се жестоко национални и многу од нејзините ставови за надворешната политика се блиски со оние на радикалната десница. Од самиот почеток на преговорите со Северна Македонија, Независни Грци беше против каков било компромис и постојано аргументираше дека терминот „Македонија“ не смее да биде дел од името. Од редовите на АНЕЛ: 4 пратеници (лидерот Каменос, Колиа-Царуха, Зурарис и Кацикис) се очекува да ја следат партиската позиција и да гласаат против договорот; еден пратеник (Парахристопулос) изјави дека ќе го поддржи договорот; додека 2 пратеници (Контура и Кокалис) може да заземат било кој став.

15 Потами е центристичка/централно-левичарска партија која беше формирана за време на кризата и таа има експлицитен став против финансиската помош за спас на Грција, за реформи и за европската платформа. Одреден временски период таа формираше обединет фронт со централно-левичарското Движење за промена и потоа флертуваше и со НД и со СИРИЗА. Потами е единствената опозициска партија која целосно ги поддржи преговорите за решавање на спорот со името, го поддржува Договорот од Преспа и се изјасни дека ќе гласа за ратификација на договорот откако тој ќе биде доставен во парламентот. Според функционери од Потами, партијата нема да го поддржи гласањето доверба на владата на СИРИЗА и АНЕЛ, без оглед дали тоа ќе биде пред или по гласањето за ратификација на договорот. Само еден пратеник од Потами (Данелис) изјави дека ќе ја поддржи владата при гласањето доверба доколку тоа е потребно за спас на владата од колапс за таа да може да ја ратификува Договорот од Преспа. Од редовите на Потами: 4 пратеници (лидерот Теодоракис, Ликудис, Мавротас и Данелис) веројатно ќе ја следат партиската позиција и ќе гласаат за ратификација на Договорот од Преспа, а 2 пратеници (Псарианос и Амирас) ќе гласаат против.

16 Унијата на центристи е постара партија која веќе две децении е на маргините на партискиот систем и никогаш немала пратенички места пред изборите во 2015 година. Таа освои голем број гласови во Северна Грција, при што во Солун партијата освои многу повеќе гласови од претходно доминантниот ПАСОК. Тоа се сметаше за манифестација на фрустрацијата на граѓаните со традиционалната политика. Од 2015 година наваму, партијата остана со само пет пратеници откако неколкумина се одвоија од неа и станаа независни пратеници. Нејзиниот лидер Василис Левентис е еден од најжестоките критичари на Договорот од Преспа, нарекувајќи го предавство и барајќи владините функционери да бидат кривично гонети по следните избори. Исто така, тој го опиша потпишувањето на договорот како неуставно. Сепак, ниеден од овие наводи нема правна основа. Се очекува сите пратеници на Унијата на центристи да гласаа против ратификација на договорот.

17 Пратеници кои беа избрани од партиските листи, но се одметнаа од нивните партии и сега се независни. Само еден независен пратеник, министерката Папакоста, поранешна пратеничка од НД, може да гласа во поддршка на договорот.

18 Ерга омнес решение ќе се употребува во сите околности, и меѓународно и внатрешно во Уставот и правниот систем на Северна Македонија.

19 https://exit.al/en/2018/04/23/history-repeats-with-attacks-on-krichbaum/

20 Според францускиот оддел за азил (Office français de protection des réfugiés et apatrides), во 2017 година имало вкупно 100.412 баратели на азил, што претставува зголемување за 16% споредено со 2016 година. Меѓу нив, албанските граѓани се на врвот на листата според националност, со вкупно 7.630 азиланти (што претставува зголемување за 6,5% споредено со претходната година). Достапно на: https://www.ofpra.gouv.fr/fr/l-ofpra/actualites/les-donnees-de-l-asile-2017-a-l

21 https://ec.europa.eu/commission/sites/beta-political/files/communication-credible-enlargement-perspective-western-balkans_en.pdf

22 https://en.wikisource.org/wiki/Speech_and_the_Following_Discussion_at_the_Munich_Conference_on_Security_Policy

23 http://www.mid.ru/ru/foreign_policy/news/-/asset_publisher/cKNonkJE02Bw/content/id/3471933

24 https://www.reuters.com/article/us-macedonia-bulgaria-treaty/macedonia-bulgaria-sign-treaty-to-improve-ties-idUSKBN1AH4E3

25 https://europeanwesternbalkans.com/2018/02/14/agreement-macedonia-bulgaria-enters-force

26 https://www.krik.rs/en/serbias-involvement-in-the-macedonian-crisis/; https://www.krik.rs/krik-objavljuje-dokumenta-makedonskih-tajnih-sluzbi

27 Српскиот амбасадор и персоналот на српската амбасада се вратија во земјата на 31 август 2017 година.

28 https://www.aljazeera.com/news/2017/08/serbia-withdraws-embassy-staff-macedonia-170821201331827.html

29 http://www.ekathimerini.com/230899/article/ekathimerini/news/mitsotakis-says-to-respect-name-deal-if-ratified-by-parliament

30 https://www.youtube.com/watch?v=zXWPBUPT6B8

**OPEN SOCIETY**
EUROPEAN POLICY
INSTITUTE

Printed on 100% recycled, chlorine-free paper using vegetable ink.